донија по својот карактер била лесна, преработувачка индустрија. Таа ги носела во себе типичните белези на империјалистичко-колонијалната политика на европскиот капитализам спрема Македонија и Турција во целост. „Особено важен момент во врска со подигањето на индустријата во Македонија беше фактот што македонската национална буржоазија и нејзиниот капитал имаше вонредно мал удел во создадената индустрија. . . .Тоа доведуваше до двојна зависност на македонското стопанство како од странските капиталисти, така и од немакедонската буржоазија во Македонија". (стр. 526—7).

На крајот авторот заклучува: „Бидејќи застарениот општествено-економски систем не беше во целост ликвидиран, а капитализмот почна во Македонија да се пробива во периодот кога се воспостави доминацијата на финансискиот капитал во светот, во последниот стадиум на капитализмот како универзален систем — во епохата на империјализмот, т. е. во времето кога светскиот капитализам ги изгуби белезите и функциите на прогресивен фактор во општествената еволуција, работните маси на Македонија така болно и сурово ги чувствуваа негативните страни на капитализмот и империјалистичко-колонијалната политика, кои оневозможуваа брз и радикален пресврт во начинот на производството поради потхранувањето на полуфеудалните остатоци и стеги во Турција. Врз грбот на масите заедно со тешкотиите од преживеаниот начин на производство се стоваруваа тешкотиите од специфичниот развиток на капитализмот во Македонија, така што одеднаш им се насобраа разни форми на експлоатација, а тие страдаа најмногу тогаш поради недоволната развиеност на капиталистичкото производство, поради бавноста, половичноста и ограниченоста на капиталистичкиот развиток" (стр. 549—550).

Монографијата на Данчо Зографски, вака презентирана, импонира по својата прегледност и концизност. Во неа, авторот го разгледува од сите аспекти стопанскиот живот и развојот на капитализмот во Македонија за време на турското владеење. Трудот претставува стојносен прилог кон нашата историографија.

*Д. Д.*

**Н. Сотировски, Еден непознат извештај за битолскиот пашалак од 1856 г.,** Годишник на Правниот факултет во Скопје, т. XI (1966).

Поради немање на една систематска збирка на дипломатски документи од сите заинтересирани странски држави за Македонија во минатото, секој еден и најситен објавен документ, па макар и во изводи или во прафрази, го збогатува нашето скудно познавање за приликите во Македонија. Во таа смисла и извадоците што ги има извлечено професорот на Правниот факултет во Скопје — Никола Сотировски, од извештајот на првиот француски конзул во Битола од 1856 г., и објавено во том XI на Годишникот на Правниот факултет, добро доаѓа да пополни една голема празнина во нашата историографија.

По кратките податоци за отворањето на првиот француски вице-конзулат во Битола во 1854 год. и по неговото кратко постоење (затворен во 1859 г.), Сотировски прави избор и соопштува, од првиот долг извештај на францускиот битолски конзул Белег де Бига, интересни сведенија за честите промени на административните граници на Битолскиот пашалак сè до 1839 г., за неговата административна поделба на три санџака, во времето кога известувал (битолски, охридски и корчански санџак), како и за бројната состојба на казите од секој санџак. Спрема него Битолскиот санџак бил составен од 11 кази (битолска, охридска (Sic) преспанска, леринска, прилепска, кичевска, велешка, островска, кожанска, чаршамбска и селфиџенска), охридскиот од 10 кази (охридска (Sic), ресенска, горно-дебарска, долно-дебарска, матска, тиранска, елбасанска, драчка и старовска) и корчанскиот од 8 кази (корчанска, билишка, хрупишка, костурска, опарска, колонска и ѓумска). Сотировски ја соопштува и општата бројка на населението за целиот Битолски пашалак — 1.397.646 жители, од кои 847.515 муслимани, 543.121 христијани и 7.000 Евреи

и Цигани, посебно задржувајќи се на податоците за оние административни единици што ја сочинуваат територијата на денешна СР Македонија. Во таа смисла, вниманието на Сотировски го привлекле разновидните податоци за град Битола и тоа: дека таа во ова време имала 46.000 жители од кои 25.000 муслимани, 17.000 христијани, 3.000 Евреи и 1.000 Цигани, дека одкако дошле конзулите во градот некои христијани се осмелиле да подигнат убави куќи и дека скоро сите куќи во градот Битола имале овошни градини и зеленило. Набројувајќи ги сите просветни и верски установи во Битола, Сотировски ги извлекол и интересните податоци за постоењето на две болници во градот — една војна а друга цивилна, со лекари од европско потекло во нив, а што се потврдува и од други извори. Со подвлекувањето на се поголемиот административен, економски и политички растеж и важност на градот, Сотировски ги исцрпел податоците од извештајот за Битола и преминал во извлекување на податоци за Велес и Охрид.

Сооптувајќи го тврдењето на Белег дека Велес станал голем трговски центар, со склад на стоки за соседните градови од поширокaта област на североисточна Македонија и Јужна Србија, со 15.000 жители, Сотировски изнесува дека меѓу велешките трговци се наоѓало и 15 такви кои имале по 15.000.000 пијастри годишен промет, а 10 исто така со активен биланс. Сотировски го презентира и податокот на Белег за Охрид кој, што е малку неверојатно, имал 25.000 жители (само 8.000 од нов биле христијани), потоа дека Охрид набавувал кожи од Германија, што се потврдува и со други извори; дека кожите ги преработувал во бројните охридски табаани и преработените ги изнесувал преку Солун и Драч за Цариград; дека тргувал и со заечки кожи; дека се случувало да изнесе годишно по 25—30.000 кожи и дека вкупниот ефект на трговијата со кожи на Охриѓани се качила на околу 6.000.000 пијастри годишно.

Сотировски ги изнесол и интересните податоци за извозот на многу бараните и квалитетни охридски јаболка, какс и ценетите пастрмки и јагули, чии улов изнесувал околу 385.000 килограми годишно. Со истакнувањето на стратешкото значење на Охрид како „клуч за Албанија”, Сотировски ги завршил податоците за градовите.

Голема штета е што францускиот конзул оставил многу кратки податоци за управата на турската држава и грчката црква во Битолскиот пашалак, окарактеризувајќи ги органите на едната и другата како самоволни, поткупливи и грабежливи. Административната поделба на фанариотската црква не се поклопувала со онаа на Битолскиот пашалак, па во таа смисла пашалакот се делел на 10 епископии (пелагониска, со седиште во Битола, преспанска во Охрид, костурска во Костур, сервиска во Кожани, сисаниска, погрешно наименувана како серенска, во Сатишта, корчанска во Корча, мегленска во Лерин, велешка во Велес, драчка во Елбасан и дебарска во Дебар), кои ракувале со 500 попови, доста цркви и околу 160 манастири.

Податоците за ајдуштвото, како неизбежен сопатник на турската поткуплива управа, се поклопуваа исто така со тврдењата и во други современи извори. Карактеристичен е само податокот дека поразумните трговци биле повеќе склони да одделуваат секоја година определена сума пари и доброволно да им ја даваат на ајдуците, отколку да чекаат овие сами да им ја побараат.

Посебно внимание Сотировски посветил на податоците што ги дал конзулот за занаетчиството и трговијата, имено, дека само во Битола имало 69 еснафи (41 христијански, 19 муслимански и 9 еврејски), дека трговците се делеле на три категории, спрема висината на годишниот промет, и тоа во првата категорија влегувале оние кои остварувале годишен промет од 1 до 2.000.000 франка (такви имало 13), во втората категорија оние што реализирале промет од 100.000—500.000 (такви имало 8) и во третата што реализирале под 100.000 франка годишно (такви имало 80). Од не мала важност е податокот дека во 13-те трговци од првата категорија пет биле Англичани по потекло, а исто така е важно и тоа дека во Велес и Прилеп заедно имало 33 трговци од прва категорија, 20 од втора, додека во Охрид само 15 од трета категорија (значи, трговци од прва и втора категорија немало).

Извадоците од извештајот на првиот француски конзул во Битола Белег де

Бига, што Сотировски ги презентира во својата статија, се многу интересни но, сами по себе, недоволни за добивање на јасна претстава за вистинската состојба во администрацијата, управата, стопанството и општествените односи на жителите од оваа област. Да се надеваме дека Сотировски ќе ни презентира поцелосен увид и заклучоци за овој уште темен период од македонската историја.

*Љ. Л.*

**М. Соколоски, Спахии-тимариоти христијани во Прилепската нахија во средината на XV век,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 19 (1967), стр. 153-167

За спахии христијани на нашата територија веќе се напишани неколку статии. Кон редовите на оние што се занимаваат со проучувањето на споменатата институција им се придружил и Методија Соколоски. Тој, врз основа на изворниот материјал и постоечката литература, опстојно го прикажал постоењето и развитокот на установата на спахии христијани во Прилепско и во Порече во средината на XV век, Во статијата станува збор за сите спахии од тој крај, но најмногу за христијанските тимариоти, како и за нивниот статус. Од излагањето на авторот можат многу добро да се разберат условите за примањето, за користењето и за губењето на војничкиот имот. Мотивите за одземањето на тимарот биле главно овие: староста, т. е. неспособноста на притежателот на имотот да ја обавува условената воена служба, потоа откажувањето на тимариотот од воената должност во текот на две години и најпосле долгогодишниот стаж на спахијата. Заднава причина на прв поглед збунува, бидејќи во истиот се регистрирани и стари спахии, а и случаи на пренесување имоти на роднини. Од изнесените податоци во статијата се добива и претстава за структурата на тимарот кој бил составен или од едно предимно сиромашно село, или од повеќе меѓусебно оддалечени, во прв ред, мали села или од делови на селски населби. Во еден случај кон тимарот бил прикрепен и еден манастир. Во тоа време се случувало повеќе лица да притежаваат еден војнички имот, а и да вршат замена на имотите.

Авторот, покрај другото ги прикажал и задолженијата на спахиите како и начинот на исполнувањето на воената обврска. Белешките за градовите Коџаџик, Кичево и Прилеп заслужуваат внимание, бидејќи од нив може да се разбере улогата и значењето на споменатите упоришта во склопот на турските воени напори за совладувањето на востанието во Албанија. Големиот број спахии во тоа време во Прилепско и одржувањето на споменатите градови во исправна состојба се должи и на близината на албанското боиште. Борбата што ја водеше албанскиот народ на чело со Скендербег против турската власт, секако се одразила врз држењето на македонското население, па особено и врз дисциплината на спахиите христијани во Западна Македонија. Загинувањето на спахиите христијани, за кое нешто пишува и Методија Соколоски, како и преовладувањето на муслиманските тимариоти во 70-тите години на XV век, треба да се разгледува и во светлината на крајниот исход на воените операции на албанската територија. Тогаш се влошила положбата на населението во Западна Македонија. Според еден запис од 1466 година турскиот султан Мемед II, на враќањето од Албанија, преселил во Цариград мнозина охридски болјари и попови заедно со охридскиот архиепископ Доротеј. Во истата година од Скопје се преселени 15 христијански фамилии во Коњух—Албанија.

Статијата „Спахии-тимариоти христијани во прилепската нахија во средината на XV век" содржи и повеќе лични имиња и топоними што се од поширок интерес и што можат да послужат и за лингвистички проучувања, како и за делумна реконструкција на селските населби.

Поради ваквата содржина, најновиот прилог на Методија Соколоски има посебна вредност, бидејќи ги збогатува оскудни познавања од историјата на македонскиот народ под турската власт.

*Т. Т.*